**Врз основа на Конкурсот за запишување на ученици во прва година во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година во Република северна Македонија објавен од Министерството за образование и наука, а,**

**ДРЖАВНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ- РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ,,НИКОЛА КАРЕВ "– СТРУМИЦА- распишува**

# И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С

ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО **I** (ПРВА) ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА **2025/2026** ГОДИНА

Во прва година ќе се запишат **490** ученици во **16** паралелки со настава на македонски јазик според наставните планови и програми за:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сектор Машинство - 127 ученици, 4 паралелки** | | | | | |
| - машински техничар за моторни возила | мак | 355 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 минимум поени |
| - техничар за производно машинство I Техничар за компјутерско управување во соработка со компании | мак | 25 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55/45 минимум поени |
| - бравар/браварка | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 минимум поени |
| - автомеханичар/ каросериски механичар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 минимум поени |
| **Сектор Текстил, кожа и слични производи - 50 ученици, 2 паралелки** | | | | | |
| - техничар за моделирање на облека во соработка со компании | мак | 25 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 минимум поени |
| - техничар за дизајн на облека во соработка со компании | мак | 25 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 минимум поени |
| **Сектор Електротехника и информатички технологии - 136 ученици, 4 паралелки** | | | | | |
| - електротехничар - енергетичар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 минимум поени |
| - електротехничар за компјутерска техника и автоматика | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55 минимум поени |
| - електромеханичар за компјутерска техника и технологија | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 минимум поени |
| - автоелектроничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 минимум поени |
| **Сектор Сообраќај, транспорт и складирање – 93 ученици, 3 паралелки** | | | | | |
| - техничар за патен сообраќај | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 55 минимум поени |
| - техничар за транспорт и шпедиција | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 60 минимум поени |
| -ракувач со машини за пренос на материјали во соработка со компании | мак | 25 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 минимум поени |
| **Сектор Шумарство и обработка на дрво - 25 ученици, 1 паралелка** | | | | | |
| - техничар за мебел и ентериер во соработка со компании | мак | 25 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 минимум поени |
| **Сектор Градежништво и геодизија - 59 ученици, 2 паралелки** | | | | | |
| - архитектонски техничар | мак | 34 уч. | 1 пар. | 4 г.тр. | 45 минимум поени |
| - Тесар, армирачи бетонирач во соработка со компании | мак | 25 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 минимум поени |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наставните предмети од основното образование кои се предвидени во критериумите за рангирање на успехот на учениците**

| Ред. бр. | С Т Р У К А | Наставни предмети кои се задолжителни | Наставни предмети кои се од значење за струката, односно изборното подрачје |
|---|---|---|---|
| 1. | Машинство, Електротехника, Градежништво и геодезија и Сообраќај транспорт и складирање | мајчин и странски јазик | - математика, физика |
| 2. | Шумарство и обработка на дрво | мајчин и странски јазик | - математика, биологија |
| 3. | Текстил, кожа и слични производи | мајчин и странски јазик | - математика, хемија |

## II. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Запишувањето на учениците училиштето во учебната **2025/2026**

година ќе се врши под услови и на начин утврдени со Законот за средното образование, Законот за стручно образование и обука и со овој Оглас.

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година во училиштето, нема да биде обезбеден ако избраниот вид на образование (струка) го има во општината, односно регионот. Наставата се изведува на македонски јазик и кирилско писмо.

Условите за запишување на учениците се:

**- да имаат завршено основно образование;**
**- да не се постари од 17 години;**
**- да се определиле за план и програма за стручно образование и обука;**
**- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Оглас.**

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во училиштето ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Огласот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини во училиштето.

## III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

По успешното електронско пријавување, учениците ја доставуваат до училиштето следната документација:

**- пријава за запишување (пријавата учениците можат да ја генерират со печатење на електронската пријава преку системот е-услуги);**
**- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;**
**- дипломи, (доколку имаат) од освоени (I, II и III) места од меѓународини и државни натпревари од (мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, физика,хемија, биологија, географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје);**
**- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавањето).**

## IV. КОНКУРСНИ РОКОВИ

Пријавувањето и запишувањето на учениците се врши во еден уписен рок со две пријавување **во месец јуни и едно вомесец август**

**Јунски уписен рок**

. Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука **https://e-uslugi.mon.gov.mk** со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на **Schools.mk.**

- **Првото електронско пријавување** на учениците ќе се врши од а 14 јуни од 00:00 часот до 17 јуни 2025 година до 23:59 часот.

- Доставувањето на потребената документација до училиштата е на 18 јуни од 08.00 до 19.00 часот и на 19 јуни од 08.00 часот до 17.00 часот,

- Конечната ранг листа за секое училиште со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 20 јуни 2025 година, најдоцна до 12.00 часот на огласната табла на училиштето или на интернет страницата на училиштето.

- Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштето на 23 јуни 2025 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 23 јуни 2025 година, на видно место во училиштето.
- **Второто пријавување** на учениците ќе се врши од а 30 јуни од 00:00 часот 23:59 часот.
- Доставувањето на потребената документација до училиштата е на 01 јули 2025 година од 10.00 до 19.00 часот
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објават на 02 јули 2025 година, најдоцна до 12.00 часот на огласната табла на училиштето или на интернет страницата на училиштето.
- Квалификационото тестирање ќе се организира во училиштето на 04 јули 2025 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 04 јули 2024 година, на видно место во училиштето.

**Августовски уписен рок**

- Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзонапредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после јунскиот рок.
-Пријавување на учениците ќе се врши на 21 август 00:00 часот до 15.00 часот.
- Доставувањето на потребената документацијадо училиштата е на 21 август од 08.00 до 17.00 часот.
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето ќе се објави на 22 август 2025 година, најдоцна до 12.00 часотна

## V. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериуми за избор на учениците се:

- **среден успех на ученикот од VI - IX одделение;**
- **среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик и два предмети што се од значење за струката);**
- **дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни, како и државни (организирани организирани од акредитирани здруженија од Министерството за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје;**
- **средна вредност од поени добиени за поведение;**

Во училиштето каде што ќе се пријават поголем број ученици од планираниот број со еднаков број поени, ќе се организира квалификационо тестирање по наставниот материјал од **осмо и деветто одделение по мајчин јазик и математика.**

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто,, седмо, осмо и деветo одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

**За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие** :

-За освоено прва награда или златен медал од меѓународен натпревар 5 поени, за втора награда или сребрен медал 4 поени и трета награда или бронзен медал 3 поени

- за освоено место од државниакредитирани натпревари: 3 поени за I место, 2 поени за II место и 1 поен за III место).

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

За учениците кои завршиле деветo одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветото одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

**Бр. 08-293/1**
**09.04.2025 год.**
**Струмица**

**Училишна комисија**
**Претседател**
_________________